Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Наце Ристов с. Дедино општина Конче

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Наце Ристов с. Дедино општина Конче во висина од 20.000,00 денари за здравствени потреби.
За наменското користење на средствата да се достави извештај.
Барањето е составен дел на одлуката.
Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1189/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства
на Зорица Јанева од Струмица

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на Зорица Јанева од Струмица број 08-1190/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

Бр. 09-1190/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Зорица Јанева од Струмица

Член 1
Се одобруваат финансиски средства на Зорица Јанева од Струмица во висина од 15.000,00 денари за лекување на болно дете.
За наменското користење на средствата да се достави извештај.
Барањето е составен дел на одлуката.
Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-1190/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства
на Коце Каратасев од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на Коце Каратасев од нас. Раклиш Радовиш, број 08-1191/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

Бр. 09-1191/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Коце Каратасев од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Коце Каратасев нас. Раклиш Радовиш во висина од 20.000,00 денари за здравствени потреби.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1191/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства
на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш, број 08-1192/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

Бр. 09-1192/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 год., донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш во висина од 40.000,оо денари за кинолошка изложба.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1192/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за оттуѓување/продажба на основни средства и инвентар, сопственост на ЕЛС општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за оттуѓување/продажба на основни средства и инвентар, сопственост на ЕЛС општина Радовиш, број 08-1193/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

Бр. 09-1193/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа и член 86 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За оттуѓување/продажба на основни средства и инвентар, сопственост на ЕЛС општина Радовиш

Член 1
Се дава Согласност за оттуѓување/ продажба на основни средства и инвентар сопственост на општина Радовиш.

Член 2
Основните средства и инвентарот да се оттуѓат по пат на јавно наддавање.

Член 3
Финансиските средства од продажбата да се употребат за набавка на основни средства и инвентор за потребите на администрацијата.

Член 4
Се задолжува градоначалникот на општина Радовиш да формира Комисија која ќе ја спроведе оваа Одлука.

Член 5
Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

О б р а з л о ж е н и е
Скоро десет години наназад комисиите кои вршат попис во ЕЛС општина Радовиш констатираат дека има многу основни средства и инвентар кој не се употребува. Истиот е дотраен, неисправен, физички оштетен, нефункционелен и не одговара на потребите на општинската администрација, а зафаќаат простор.
Од тие причини се предлага оваа одлука.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1193/1 | Совет на општина Радовиш |
| 11 Јули 2018 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имотот во општина Радовиш, број 07-865/1 од 22.07.2005 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имотот во општина Радовиш, број 07-865/1 од 22.07.2005 година, број 08-1194/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1194/2 | Градоначалник на |
| 16 Јули 2018 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р |

Врз основа на член 5, 6, 16 и 22, а согласно член 98 од законот за даноците на имот (Сл.весник на РМ број 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа И член 21 став 1 точка 5 од Статутот на општина Радовиш, Советот на оп штина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имотот во општина Радовиш,
број 07-865/1 од 22.07.2005 година

Член 1
Член 5 се менува и гласи:
Утврдувањето на пазарната вредност на недвижен имот ја врши лице проценувач кое е вработено во ЕЛС Радовиш, а по барање на ЕЛС Радовиш може да ја врши и лице кое е овластен проценувач, кој проценката ја прави согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.

Член 2
Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1194/1 | Совет на општина Радовиш |
| 11 Јули 2018 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на МЗ „Бобовец„ с. Ињево Радовиш за исплата на ф-ри за потрошена електрична енергија и приклучок

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на МЗ „Бобовец„ с. Ињево Радовиш за исплата на ф-ри за потрошена електрична енергија и приклучок, бр. 08-1195/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 година

Бр. 09-1195/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на МЗ „Бобовец„ с. Ињево Радовиш
за електрична енергија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на МЗ „Бобовец„ с. Ињево Радовиш во износ од 60.000,00 со намена за потрошена електрича енергија и приклучок во сала на месна заедница.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1195/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на„ ФУНТЕК-7„ Скопје

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на „ФУТЕК-7„ Скопје, бр. 08-1196/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 година

Бр. 09-1196/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
на Федерација на универзитетски наставници,
тренери и едукатори по кинезиологија
„ФУНТЕК-7„Скопје

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Федерација на универзитетски наставници, тренери и едукатори по кинезиологија „ФУНТЕК-7„ Скопје, во износ од -15.000,00 денари со издавање „Монографија за карате спортот во Македонија „.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1196/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за аплицирање на вториот повик за предлог-проекти и изразување на интерес: „Инвестиции на подгрантови во нфраструктурата поврзани со туризмот и поврзувања на дестинациите„ бр. LRCP-1/8 од 16.03.2018 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за аплицирање на вториот повик за предлог-проекти и изразување на интерес: „Инвестиции на подгрантови во инфраструктурата поврзани со туризмот и поврзувања на дестинациите„ бр. LRCP-1/8 од 16.03.2018 година, бр. 08-1197/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 година.

Бр. 09-1197/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, а во врска со член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 ) и член 21,став,1 точка 43, а во врска со член 12 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр.07-765/1 од 15.10.2002 год.) Советот на општина Радовиш на седницата одржана на ден 11.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
за аплицирање на вториот повик за предлог-проекти за изразување на интерес: „Инвестиции на подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзувања на дестинациите“ бр: LRCP-1/18 од 16.03.2018 година.

Член 1

Советот на општина Радовиш дава подршка за подготовка и имплементација на проектот: „Развивање на туристички услуги-рекреативни активности и специјализиран туризам за љубителите на природата-птици, животни, пеперутки, растенија итн.“ каде водечки партнер е општина Радовиш.

Член 2

Советот на општина Радовиш дава согласност за финансиски придонес во проектот во износ од 2.600.000,оо денари. Средства кои се дел ко-финансирање од вкупната сума на проектот предложен до програмата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-1197/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за уплата на средства од донаторска сметка на сметка на основен буџет на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за уплата на средства од донаторска сметка на сметка на основен буџет на општина Радовиш, бр. 08-1198/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 год.

Бр. 09-1198/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година донесе

## О Д Л У К А
за уплата на средства од донаторска сметка на сметка на основен буџет на општина Радовиш

Член 1

Од донаторска сметка 758014072078514 средствата на износ -1.146.813 денари да се уплатат на сметката на основниот буџет на општина Радовиш 758014072063018 со приходно конто 725 939 програм 00.

Член 2

Средствата кои се уплатени во буџетот со друга одлука на советот на општината ќе се пренаменат за други потреби на корисници на средства од Буџетот на општина Радовиш и тоа:
- 600.000,оо денари за ОУ Центар за култура „Ацо Караманов„ Радовиш и --546.813,оо денари за ООУ „Никола Карев„ Радовиш.

Член 3

По префрлањето на средствата на основниот буџет, донаторската сметка ќе згасне.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1198/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш, бр. 08-1199/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 год.

Бр. 09-1199/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/2015), член 4 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.208 година донесе

## О Д Л У К А
### За давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ радовиш

Член 1

Советот на општина Радовиш дава гаранција за задолжување на ЈП„Плаваја„ Радовиш со нов под-заем за продолжување на „Проектот за водовод и канализација на општините во Република Македонија Фаза 1- Чекор 2„.

Гаранцијата се дава на износ од 700.000,оо евра деноминирани во македонски денари по среден курс на официјална курсна листа на НБ на РМ на денот на повлекувањето на средствата, заради обезбедување на одржливо водоснабдување со вода за пиење во општина Радовиш.

Рокот на отплата на кредитот е 20 години
- грејс период од 10 години и
- годишна каматна стапка од 2%.

Член 2

Градоначалникот на општината е должен за оваа издадена гаранција да го извести Министерството за финансии во рок од 10 дена од денот на издавањето на гаранцијата.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

О б р а з л о ж е н и е

Оваа гаранција се дава на ЈП „Плаваја„ Радовиш од страна на Советот на општина Радовиш како основач на јавното претпријатие за работни активности за реализација на средства од кредитната линија на KFW банката.

Средствата според ЈП„Плаваја„ Радовиш ќе бидат наменети за реализација на следните проекти:

1. Изградба на нов резервоар со капацитет од 600м$^3$;
2. Изградба на нов потисен цевковод од спој на улица „Илија Алексов„ со улица „Плачковица„ во должина од 1700м, споен цевковод до резервоар „Коџа Баир„ 775м и повратен дистрибутивен цевковод до мрежата во должина од 900м;
3. Изградба на две нови SKADA шахти со мерно регулациона опрема;
4. Реконструкција на постоечки SKADA шахти;
5. Набавка на водомери со далечинско отчитување; и
6. Изградба на нов потисен цевковод од пумпна станица „Куклевица„ до спој на улица „Илија Алексов„ со улица „Плачковица„ во должина од 3000м;

Оваа гаранција за овој нов под-заем Советот на општина Радовиш ја дава бидејќи ЈП„Плаваја„ Радовиш од 2011 година го користи кредитот од KWF банката „Проектот за водовод и канализација на општините во Република Македонија Фаза 1„, а Фаза1-Чекор 2 е продолжување на кредитирањето од оваа банка сè до доискористување на средствата.

Согледувајќи ја неопходната потреба од изградба на потисниот цевковод и новиот водовод со горенаведените намени се смета дека ќе се реши еден од најголемите проблеми со водоснабдувањето во град Радовиш.

Бр. 08-1199/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за давање овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош 2016

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор

за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош, бр. 08-1200/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 год.

Бр. 09-1200/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година донесе

## О Д Л У К А
### за давање овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош 2016

член 1

Се овластува градоначалникот на општина Радовиш да го потпише Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1200/1
Совет на општина Радовиш
Дата 11 Јули 2018 год.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш, бр. 08-1201/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 год.

Бр. 09-1201/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во вкупен износ од -320.000,00 ден., согласно усвоениот финансиски план на јавното претпријатие.

За наменското користење на средствата да се достави извештај.

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1201/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за целосно емитување на седниците на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за целосно емитување на седниците на Советот на општина Радовиш, бр. 08-1202/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 11.07.2018 год.

Бр. 09-1202/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018год., донесе

ОДЛУКА
За одобрување на финансиски средства
на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за
целосно емитување на седниците на Советот на
општина Радовиш

Член 1

Се одобрува исплата на финансиски средства од буџетот на општина Радовиш на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за целосно емитување на седниците на Советот на општина Радовиш .

Се прифаќа понудата пакет емитување на целосни седници на Советот на општина Радовиш во етер ин а социјалните мрежи (ФацеБоок) на телевизија Кобра со пакет цена услуга за емитување во висина од 9.000 денари без пресметан ДДВ.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1202/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за
прифаќање на Извештаите на работните тела на
Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-1203 /1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2018 година

Бр. 09-1203/2 Градоначалник на
16 Јули 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 11.07.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на Извештаите на Работните тела
на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 11.07.2018 година и тоа:

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој седница 3-та седница одржана на ден 02.02.2018 год.;

-Комисија за здравство и социјална заштита, 5-тара седница одржана на 03.07.2018 година;

-Комисија за образование, спорт и култура, 8-ма седница одржана на 03.07.2018 година;

-Комисија за статут и прописи, 7-ма седница одржана на 06.07.2018 година;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1203/1 Совет на општина Радовиш
11 Јули 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

*ОПШТИНСКА НАРОДНА БИБЛИОТЕКА*
*„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ – РАДОВИШ*

СТАТУТ
на Општинска Народна Библиотека „Браќа Миладиновци“ - Радовиш

Радовиш, 2018 година

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/1461/15,154/15, 39/16 и 11/18), и Одлуката на УО на Општинска Народна Библиотека „Браќа Миладиновци” Радовиш со бр. 02-21/7 од 31.01.2018, Комисијата за измени и дополнување на Статутот на ОНБ „Браќа Миладиновци” – Радовиш на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, донесе

СТАТУТ
на Општинска Народна Библиотека ,,Браќа Миладиновци” Радовиш

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата како и други прашања утврдени со овој статут и законски утврдени прашања, што се од значење за работењето на Општинска Народна Библиотека „Браќа Миладиновци” - Радовиш (во понатамошниот текст: библиотеката).

(2) Советот на Општина Радовиш дава согласност на статутот од ставот 1 на овој член.

Назив и седиште

Член 2

(1) Целосниот назив на библиотеката гласи: Општинска Народна Библиотека „Браќа Миладиновци” - Радовиш.

(2) Скратениот назив на библиотеката гласи: ОНБ „Браќа Миладиновци” - Радовиш.

(3) Седиштето на библиотеката е во Радовиш, ул. „Илинденска” б.б., Радовиш

Основач и сукцесија

Член 3

(1) Основач на библиотеката е Советот на Општина Радовиш со Одлука бр. 07-75/1 од 29.01.2004 година со преземање на основачките права од Министерството за култура и Договор бр. 30-4571/20 од 08.07.2005 година за пренесување на недвижните ствари, опремата, вработените и други средства за работа од Владата на РМ на ЕЛС на Општина Радовиш.

(2) Библиотеката е правен субјект издвоен со раздружување од правното лице Работнички универзитет „Киро Донев”, со Извештај бр. 08-62 од 24.02.1992 за резултати од спроведен референдум за издвојување, а запишана во регистарскиот суд во Штип со Решение бр. 1–3812-0 од 09.04.1992 год.

Правна положба

Член 4

(1) Библиотеката е непрофитна локална установа од областа на културата.

(2) Библиотеката има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица библиотеката настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) Библиотеката може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само по претходна одлука на Советот на Општина Радовиш.

Печат и штембил

Член 5

(1) Во своето работење библиотеката употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 30 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилица е испишан текстот: Општинска народна библиотека со зборот Радовиш во долниот дел на печатот а во средината едно под друго со големи букви е напишано БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ.

(3) Штембилот е правоаголен, со димензии: должина 50 мм и ширина 20 мм, и на горниот дел во цела должина на кирилица е испишан текст Општинска Народна Библиотека а под него со големи кирилични букви следи текст: БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ РАДОВИШ. Во средината има ознака: Бр ___. На долниот раб се наоѓа линија за означување на датумот: ______., под која стои зборот: Радовиш.

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на библиотеката а доколку нема такво лице печатите ги чува и употребува директорот на библиотеката.

(5) Лицето од став (4) на овој член и директорот на библиотеката се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој

член се утврдува со одлука на Управниот одбор на библиотеката.

Заштитен знак

Член 6

(1) Библиотеката има заштитен знак.

(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член се состои од квадрат во сина боја на кој во долниот дел има три бели линии во форма на отворена книга а врз синиот квадрат има отворена книга во портокалова боја во која во бела боја го има испишано знакот zа интернет @ (et - мајмунче).

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на библиотеката.

Застапување и претставување

Член 7

(1) Во правниот промет со трети лица, библиотеката ја претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да ја претставува и застапува библиотеката само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот го застапува и претставува библиотеката во границите на даденото полномошно.

Овластени потписници на сметките

Член 8

(1) Библиотеката има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Македонија.

(2) Овластен потписник на Буџетската сметка на библиотеката е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на библиотеката може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на библиотеката.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор на библиотеката со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II - ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

*1. Дејност*

Основна дејност

Член 9

(1) Дејност на библиотеката е: дејности на библиотеките и архивите (шифра: 91.01).

(2) Дејноста од ставот (1) е од локален интерес.

(3) Во рамките на основната дејност библиотеката ги врши следните функции:

1) Набавува, чува, стручно обработува, заштитува, отпишува и дава на користење библиотечен материјал определен со Законот за библиотеки;

2) Ги задоволува културно-образовните и други информативни потреби на пошироката јавност, придонесува за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа како и за развој на образованието, културата, науката и другите дејности,

3) Врши комплетирање преку купување, размена, дар, завештание и др.;

4) Се грижи за комплетирање и одржување на Роднокрајната збирка;

5) Подготвува библиотечен on–line каталог и база на податоци;

6) Подготвува и издава библиографии;

7) врши научно–истражувачка работа од библиотекарството и информативните дејности;

8) Се грижи за примена на стручните стандарди и правила за библиотечно работење на подрачјето;

9) Врши библиографско информативна дејност,

10) Врши замена, размена и позајмување на библиотечниот материјал со други библиотеки и институции,

11) Врши популаризација на библиотечниот материјал преку изложби, литературни читања, средби со автори, предавања, прикажување на видео проекции и слично,

12) Се грижи за правилна примена на заштитно-техничките мерки на библиотечниот материјал,

13) Води евиденција на библиотечниот материјал согласно пропишаните прописи и стандарди,

14) Води евиденција за редок библиотечен материјал и се грижи за негова заштита и чување, согласно актите за заштита на културните добра,

15) Води грижа за стручното усовршување на библиотечниот кадар,

16) Ја проучува состојбата, потребите и условите за развој на библиотечната дејност во општината,

17) Нуди стручна помош на библиотечниот кадар на училишните библиотеки во градот и општинското подрачје,

18) Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на библиотеката може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот односно Советот на Општина Радовиш.

Дополнителна дејност

Член 10

(1) Покрај основната дејност, библиотеката може да ги врши и следните дополнителни дејности:

1) Репродукција на снимени медиуми (шифра 18.12.);

2) Издавачка дејност (шифра 22.1);

3) Печатење и услужни активности во врска со печатењето (шифра 22.3);

4) Издавање на книги, периодични изданија и останати издавачки дејности ( шифра 58.1);

5) Рекреативни, спортски, културни и забавни активности (шифра 92);

6) Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04).

7) Рекреативни, спортски, културни и забавни активности (шифра 92);
8) Културни и забавни активности (шифра 92.3);
9) Дејност на библиотеките, кинотеките, архивите, музеите и други културни активности (шифра 92.5).

III. Организација на работењето

Организациона поставеност

Член 11

(1) Работењето на библиотеката се организира преку организациони единици и работно место во нивниот состав.
(2) Во смисла на став (1) на овој член, во библиотеката постојат следните облици на организација:
1) Административна служба,
2) Сектор за библиотечна дејност
3) Одделение за техничка реализација

(3) Во организационите единици од став (2) на овој член постојат работни места, со прецизен назив, опис, услови и број на извршители.
(4) Со организационите единици од став (2) на овој член раководи директорот на библиотеката.
(5) Делокругот на работа на организационите единици од став (2), работните места во смисла на став (3) и овластувањата на раководните работници во смисла на став (4) на овој член, поблиску се утврдуваат со Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места.
(6) Со правилниците од ставот (5) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.
(7) Вршењето на работите на вработените како давателите на услугите во ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш се уредува во согласност и со Законот за културата и Законот за библиотеки, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од обласга на културата.

IV - ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

1. Орган на раководење

Директор

Член 12

(1) Орган на раководење на библиотеката е директорот.

(2) Директорот на библиотеката ги врши следниве работи:
- Ја води работата на библиотеката;
- Ја застапува библиотеката и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на библиотеката по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма;
- Донесува акти за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира стручни тимови, советодавни, работни и други слични тела, комисии (трајни или повремени) согласно со статутот;
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице за одредени потреби согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на библиотеката;
- Поднесува годишен извештај за работа и финансиското работење на библиотеката;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура и Градоначалникот на Општина Радовиш;
- Формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на библиотеката од страна на надлежните органи
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

Член 13

(1) Директорот на ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.
(2) Директорот на ОНБ „Браќа Миладиновци" Радовиш се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.
(3) Огласот за директор го распишува Градоначалникот, согласно со општите услови

утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(4) Градоначалникот го избира и разрешува директорот на ОНБ „Браќа Миладиновци” Радовиш, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во ОНБ „Браќа Миладиновци” - Радовиш по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на претходното работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготовка.

Член 14

(1) За избор на директор на ОНБ „Браќа Миладиновци” - Радовиш, согласно со Закон за културата, Закон за библиотеките и Закон за локаната самоуправа, Градоначалникот на Општина Радовиш објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Макединија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Директорот од став (1) на овој член се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи и посебни услови утрдени со Законот за културата и друг закон односно лицето треба:

1) Да е државјанин на Република Македонија;

2) Во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) Да има стекнато најмалку 240 кедити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од општествено – хуманитарните дејности.

4) Има минимум 5 години работен стаж во областа на културата или 5 години работно искуство на работа или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело.

5) Има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(4) Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

(5) На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во став 4 на овој член му престанува мандатот.

Член 15

(1) Директорот на библиотеката е должен на крајот од годината до Советот на Општина Радовиш да доставува Годишен извештај за работата на библиотеката.

Член 16

(2) Директорот доколку утврди неправилности во работата на библиотеката должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира стручна комисија за разгледување на одреден случај.

Член 17

(1) Директорот на библиотеката може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

Член 18

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, градоначалникот именува вршител на должноста директор на библиотеката, без објавување на оглас, од редот на вработените на библиотеката.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на библиотеката.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на библиотеката а најдолго за шест месеци.

2. Орган на управување

Управен одбор

Член 19

(1) Орган на управување на библиотеката е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на библиотеката го сочинуваат 5 (пет) преставници кои ги именува и разрешува Советот на Општина Радовиш од кои тројца претставници се од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и еден претставник од редот на вработените во библиотеката. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локална самоуправа на Општина Радовиш.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на библиотеката се именуваат врз принцип на стручност и компетентност за време од 4 (четири) години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на библиотеката им следува соодветен надоместок што го определува Советот на општина Радовиш.

Член 20

(1) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот се должни да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

(4) За својата работа, Управниот одбор е одговорен пред Советот на Општина Радовиш.

Член 21

(1) Управниот одбор на библиотеката:

1.Донесува статут;

2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на библиотеката;

3.Дава согласност на годишната програма на библиотеката по предлог на директорот;

4. Го усвојува годишниот извештај за работата на библиотеката по предлог на директорот;

5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на библиотеката;

6. Донесува документи за финансиското работење на библиотеката, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;

7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос, за дисциплински мерки и други решенија согласно закон;

8.Дава образложен предлог на градоначалникот за разрешување на директорот;

9. Донесува деловник за својата работа;

10. Одобрува службени патувања на директорот на библиотеката во земјата и во странство;

11. Го следи остварувањето на годишната програма за работа на библиотеката;

12. Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на избор, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;

13. Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;

14. Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;

15. Донесува други акти согласно со овој статут и со закон;

16. Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Советот на Општина Радовиш;

17. Врши други работи утврдени со закон и статут.

Член 22

(1) Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или библиотеката не ја остварува својата функција.

Член 23

(1) Начинот на работата, одлучувањето, правата и должностите на Управниот одбор, како и постапката и условите за предвремено разрешување на претседателот и членовите се регулираат со Деловник за работа на Управниот одбор.

3. Стручни тела

Стручен совет

Член 24

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на библиотеката може со решение да формира стручен совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на стручниот совет.

(3) Со седниците на стручниот совет председава директорот на библиотеката.

Член 25

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот со Решение може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисијата трае во временски рок кој ќе го определи директорот при формирањето на комисијата.

(3) За член на Комисијата едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4) Комисијата за својата работа одговара пред на директорот на библиотеката и е должна да му поднесува извештај.

V – РАБОТНИ ОДНОСИ

Член 26

(1) За правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во библиотеката се преминуваат одредбите од Законот за културата, Законот за библитеките, Закон за административните службеници, Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон како и други законски прописи поврзани со вработувањата и правата и обврските на вработените.

VI - ОПШТИ АКТИ

Други општи акти

Член 27

(1) Одредени прашања од работењето на библиотеката поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во библиотеката се донесуваат особено:

1. Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места;
2. Годишен план за вработување согласно закон;
3. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување;
4. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
5. Правилник за заштита при работа;
6. Правилник за заштита од пожар;
7. Правилник за издавачка дејност;
8. Правилник за стручно усовршување;
9. Деловник за работа на Управниот одбор;
10. Деловник за работа на Стручниот совет;
11. Ценовник за висината на надоместоци и услуги од библиотеката;
12. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.

(3) Актите на библиотеката мора да бидат во согласност со Уставот, важечките законски, подзаконски прописи и овој Статут.

Член 28

(1) Библиотеката е должна на својата веб страница да ги објава проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) Библиотеката во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до ЕЛС на Општина Радовиш за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) Библиотеката на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

Член 29

(1) Статутот на библиотеката и другите општи акти што ги донесува Управниот одбор на библиотеката се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 30

(1) Иницијатива за донесување на нов Статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1. Најмалку една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор на библиотеката.
2. Директорот на библиотеката.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до Управниот одбор на библиотеката.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

Член 31

(1) Измена и дополнување на Статутот и другите општи акти се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

Член 32

(1) Сите општи акти што се донесуваат во библиотеката се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

## VII – КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРА-НАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Класифицирани информации

Член 33

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

1. Надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
2. Како доверливи надлежен орган ги соопштил на библиотеката во врска со одбраната се означени како класифицирани информации;

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои Управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на библиотеката додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на библиотеката.

Член 34

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на библиотеката добиваат ознака „за ограничена употреба“.

Член 35

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) Библиотеката е должно да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во библиотеката, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: 1. Името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на библиотеката.

Прашања поврзани со одбраната

Член 36

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

Член 37

(1) Библиотеката изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 38

(1) Библиотеката во соработка со Министерството за култура и ЕЛС на Општина Радовиш го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 39

(1) По барање на Министертвото за одбрана на Република Македонија, библиотеката е должна да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

Воена и вонредна состојба

Член 40

(1) Во воена или вонредна состојба, библиотеката, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на библиотеката. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

Член 41

(1) Во делот на одбраната во библиотеката не се изготвуваат посебни општи акти, а директно се применуваат законските и подзаконските прописи.

Заштита на лични податоци

Член 42

(1) При извршувањето на работните обврски, библиотеката има потреба од користење на личните податоци за вработените во библиотеката и посетителите на библиотеката кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во библиотеката се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во библиотеката се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во библиотеката.

Член 43

(1) Личните податоци за вработените во библиотеката и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на библиотеката и од него овластени лица.

Член 44

(1) Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на библиотеката.

VIII - ЕВИДЕНЦИЈА

Член 45

(1) Библиотеката е должна да води: влезна книга, излезна книга, книга за инвентар, картотека.

(2) Библиотеката може да води и друг вид евиденција и документација на предмети, во согласност со законските прописи, овој статут и другите акти на истата.

IX - ФИНАНСИРАЊЕ

Извори на средства

Член 46

(1) Финансиските средства за работа на библиотеката се обезбедуваат од:

1. Буџетот на Република Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
2. Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
3. Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
4. Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Библиотеката е должна наменски да ги користи средствата добиени од Министерството за култура и да ја реализира својата годишна програма за работа во рамките на обезбедените средства од Министерството за култура како и од другите извори на финасисрање.

(3) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Членарина;
- Копирање и скенирање;
- Издавање на простор и опрема;
- Договорни активности.

(4) Висината на цената на услугите во смисла на став (3) на овој член ги утврдува Управниот одбор на библиотеката со одлука, со која се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник) во кој децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби плаќаат намалени цени на услугите или се ослободени од нивно плаќање.

## X – ИНФОРМИРАЊЕ

Известување на вработените

Член 47

(1) Известувањето на вработените во библиотеката се врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласна табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на библиотеката поединечните акти на Управниот одбор на библиотеката и на директорот на библиотеката соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на библиотеката и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на библиотеката со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

Известување на јавноста

Член 48

(1) Библиотеката ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на установата.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на библиотеката или лицето што тој ќе го овласти согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## XI - ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Работно време

Член 49

(1) Работното време на библиотеката го определува Управниот Одбор на библиотеката со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, Управниот Одбор на библиотеката може со одлука да определи поинакво работно време за одделни објекти, проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

Штрајк

Член 50

(1) Неопходното ниво на процесот на работа во услови на штрајк се утврдува со одлука на Управниот одбор на библиотеката во согласност со закон и колективен договор.

Имот на установата

Член 51

(1) Библиотеката има на користење/владение недвижен имот кој е во државна сопственост и тоа:

1. Приземје од цела десна страна на стара собраниска зграда со Одлука за преотстапување на старата зграда на собранието на користење со бр. 02-247 од 07.02.1986 година, и Заклучок за доделување и користење на простории во стара Собраниска зграда бр. 08-1643/12 од 27.11.1989 година. Инаку, вкупната површина под објект е од 700 м2 и дворно место во површина од 292 м2 заведено во Имотен лист бр. 3667 од 17.03.2005 година КО Радовиш а сместена на ул. „Илинденска" б.б. и со намена на објектот за деловни потреби.

(2) За движниот и недвижниот имот на библиотеката се води книговодствена евиденција и истиот се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Усогласување на работата

Член 52

(1)Библиотеката ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој Статут во рок од еден месец од неговото влегување во сила.

Член 53

(1)Се она што не е регулирано со овој Статут ќе се регулира со директна примена на позитивната законската регулатива.

Донесување на општите акти

Член 54

(1)Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места, во случај на потреба од нивно усогласување со овој Статут, ќе се усогласат во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој Статут.

(2) Другите општи акти од член 27 на овој Статут ќе се донесат или усогласат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

Престанување на постојниот статут

Член 55

(1) Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на библиотеката бр.0101-55 од 15.11.2006 година и Одлуката за измени и дополнување на истиот бр. 0201-42/1 од 22.06.2010 година.

Влегување во сила на овој Статут

Член 56

(1) Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на библиотеката, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од Советот на Општина Радовиш.

УПРАВЕН ОДБОР на ОНБ „Браќа Миладиновци“ Радовиш

Дата 28.02.2018 година

Претседател,

/Лилјана Буова/

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за првиот квартал од 2018 год. на ТППЕ Радовиш ----------- 1
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Извештајот за првиот квартал од 2018 год. на ТППЕ Радовиш бр. 24-181/9 од 28.04.2018 год. ------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за преземените активности од страна на ЕЛС Радовиш за невремето и последиците предизвикани од поројниот дожд проследен со силен ветер и град што ја зафати општина Радовиш на 19.06.2018 година. ------------------------ 1
ЗАКЛУЧОК За усвојување на Извештајот за преземените активности од страна на ЕЛС Радовиш за невремето и последиците предизвикани од поројниот дожд проследен со силен ветер и град што ја зафати општина Радовиш на 19.06.2018 година. ------------------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на одлуката за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност во Радовиш ------- 2
ОДЛУКА за избор на командир на Полициска станица Радовиш ----------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување членови на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата во Радовиш. ----------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За именување членови на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата во Радовиш ------------------------------ 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на СОУ „ Коста Сусинов„ Радовиш -------------------- 3
РЕШЕНИЕ За разрешување претставник од локалната самоупарава во Училишниот одбор на СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш --------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на СОУ „ Коста Сусинов„ Радовиш -------------------- 3
РЕШЕНИЕ За именување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш --------------------- 4
РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Решението за разрешување претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш ---------------------------------------------------- 4
РЕШЕНИЕ За разрешување на претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш ---------------------------------------------------- 4
РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Решението за именување претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш ---------------------------------------------------- 4
РЕШЕНИЕ За именување претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш ---------------------------------------------------- 5

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување претставник од вработените во Управниот одбор на ОНБ „Браќа Минадиновци„ во Радовиш ---------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За разрешување на претставник од вработените во Управниот одбор на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш -------------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување претставник од вработените во Управниот одбор на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш -------------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За именување на претставник од вработените во Управниот одбор на ОНБ „Браќа Миладиновци„ Радовиш -------------------------------- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на ОУ Центар за култура „Ацо Караманов„ Радовиш -- 6
РЕШЕНИЕ За разрешување на претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на ОУ Центар за култура „Ацо Караманов„ Радовиш --------------------------------------------------- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев„ Радовиш --------------------- 6
РЕШЕНИЕ За разрешување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев„ во општина Радовиш ----- 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев„ Радовиш --------------------- 7
РЕШЕНИЕ За именување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев„ во општина Радовиш ----- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ„Крсте Петков Мисирков„ Радовиш --------- 7
РЕШЕНИЕ За разрешување на претставник од локалната самоуправа во Училишниот одбор на ООУ„Крсте Петков Мисирков„ Радовиш --------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за разрешување на членови на Комисијата за елементарни непогоди за општина Радовиш --------------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ за разрешување на членови на Комисијата за елементарни непогоди за општина Радовиш -------------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Решението за именување на членови на Комисијата за елементарни непогоди за општина Радовиш --------------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ за именување на членови на Комисијата за елементарни непогоди за општина Радовиш --------------------------------------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш ------------------------------ 9
ОДЛУКА За одобрување финансиски средства на ЈП „Плаваја„ Радовиш ---------------------------------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш ---------- 9
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш ----- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ФК „ Изведен„ с. Ораовица Радовиш ------------- 10
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на ФК „Изведен„ с. Ораовица Радовиш ---------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Триатлон клуб „ АНА-ДА„ Радовиш ------------ 10
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на Триатлон клуб „АНА-ДА„ Радовиш --------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ШК „ Рокада„ Радовиш ------------------------------- 10
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на ШК „Рокада„ Радовиш --------------------------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија ---------------------------------- 11
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија --------------------------------------------------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ра за вода --------------------------------------------- 11
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ра за вода -------------------------------------------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на З.Г.Ф.К. „ Серта„ Конче ------------------------------ 12
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на З.Г.Ф.К. „Серта„ Конче -------------------------- 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЗСРК „ Слога„ с. Злеово Радовиш ----------------- 12
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на ЗСРК „ Слога„ с. Злеово Радовиш ------------ 12
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Наце Ристов с. Дедино општина Конче ----------- 13
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Наце Ристов с. Дедино општина Конче ----------- 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Зорица Јанева од Струмица ------------------------- 13

ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Зорица Јанева од Струмица ------------------------- 13
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Коце Каратасев од Радовиш ------------------------- 13
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Коце Каратасев од Радовиш ------------------------- 14
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш ------------------------- 14
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЗГ „Фамилијарис„ Радовиш ------------------------- 14
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за оттуѓување/продажба на основни средства и инвентар, сопственост на ЕЛС општина Радовиш --------------------------------------- 14
ОДЛУКА За оттуѓување/продажба на основни средства и инвентар, сопственост на ЕЛС општина Радовиш --------------------------------------- 15
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имотот во општина Радовиш, број 07-865/1 од 22.07.2005 година ------------------------------ 15
ОДЛУКА За измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имотот во општина Радовиш, број 07-865/1 од 22.07.2005 година ------------------------------ 15
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на МЗ„Бобовец„ с. Ињево Радовиш за исплата на ф-ри за потрошена електрична енергија и приклучок ------------------------------------------------- 15
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на МЗ „Бобовец„ с. Ињево Радовиш за електрична енергија --------------------------------------------------- 16
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на„ ФУНТЕК-7„ Скопје ------------------------------------ 16
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на Федерација на универзитетски наставници, тренери и едукатори по кинезиологија „ФУНТЕК-7„ Скопје ---------------------------------- 16
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за аплицирање на вториот повик за предлог-проекти и изразување на интерес: „Инвестиции на подгрантови во инфраструктурата поврзани со туризмот и поврзувања на дестинациите„ бр. LRCP-1/8 од 16.03.2018 година ---------------------------------------- 16
ОДЛУКА за аплицирање на вториот повик за предлог-проекти за изразување на интерес: „Инвестиции на подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзувања на дестинациите“ бр: LRCP-1/18 од 16.03.2018 година. ---------------- 17
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за уплата на средства од донаторска сметка на сметка на основен буџет на општина Радовиш -------------------------------------------------- 17
ОДЛУКА за уплата на средства од донаторска сметка на сметка на основен буџет на општина Радовиш -------------------------------------------------- 17
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш -------------------------------- 17
ОДЛУКА За давање гаранција за задолжување на ЈП „Плаваја„ Радовиш -------------------------------- 18
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош 2016 --------------------------------------------- 18
ОДЛУКА за давање овластување на градоначалникот за потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација Фаза 1 , чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1, чекор 2, SECO финансиска помош 2016 --------------------------------------------- 18
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш ------------------ 19
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш ------------------ 20
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за целосно емитување на седниците на Советот на општина Радовиш -------------------------------------- 19
ОДЛУКА За одобрување на финансиски средства на Регионална телевизија КОБРА Радовиш за целосно емитување на седниците на Советот на општина Радовиш -------------------------------------- 20
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш ------------------------------------------------- 20
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш ------------------------------------------------- 20

ДРУГИ АКТИ

СТАТУТ на Општинска Народна Библиотека „Браќа Миладиновци“ - Радовиш ------------------------------- 21